ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ГРАДСКО
ул.„Александар Македонски“ бр. 70а 1420 Градско
тел: +38943251522 факс: +38943251856
e-mail: gradsko1@t.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 16 - 255/2
23. 06. 2025 год.
ГРАДСКО

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање**

*Почитувани,*

Во врска со Вашето барање од 02.06.2025 година во кое барате достава на информации од јавен карактер, во прилог на овој допис Ви ги доставуваме следните податоци:

1. На огласот за оттуѓување на градежно земјиште за КП 55/5 КОЗгрополци со површина од 83.774 метри со намена Г1 - производство на енергија и тешка и загадуваќка индустрија (Г1.4 - тешка градежна индустрија и производство на неметали) се пријавија:

   - ДПТУ ТИКВЕШАНКА ГРЕЕН Г1 ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и
   - ДПТТУ ОРИОН ВОРЛД ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

2. За најповолен понудувач по метар квадратен е избран ДПТТУ ОРИОН ВОРЛД ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, кој понуди последна највисока цена по метар квадратен за оттуѓување на предметното земјиште. Истиот по добивање на позитивно мислење од страна на Државното правобранителство на РСМ согласно член 62 став 8 од Законот за градежно земјиште, во рок од 3 дена согласно истиот член став 8 ќе добие известување дека е избран како најповолен понудувач и во рок од 15 дена ќе биде задолжен да ги уплати средствата со доставување на доказ за извршената уплата. Во случај понудувачот да не ги уплати средствата или во случај да ги уплати, а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор ќе се постапи согласно член 62 став 11 односно став 12 од Законот од горенаведениот закон.

3. За предметното градежно земјиште е постигната цена во износ од 191,00 денари. Доколку продажбата се изврши согласно член 63 од Законот за градежно земјиште, средствата кои ќе ги инкасира општината ќе бидат во вредност од 80 % од постигнатата цена по метар квадратен земјиште, додека останатите 20% од приходот ќе биде распределен на РСМ.

4. Најповолниот понудувач е должен да прибави одобрение за градење во рок дефиниран во член 76 став 3 од Законот за градежно земјиште, додека документите кои е должен да ги достави истиот се наведени во член 59 од Законот за градење.

*Со почит,*

Службено лице:
Мери Седмакова-Димовска

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков